Врз основа на член 36 став 2 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20)министерот за образование и наука, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТУТОРСТВО НА УЧЕНИЦИ
# ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Член 1**

Со Програмата за обезбедување туторство на ученици од основното образование (во натамошниот текст: Програмата), се уредува обезбедување туторство на ученици преку овозможување на пристап до бесплатни дополнителни часови со кои се обезбедува дополнителна поддршка за учениците, по предметите кои се дел од наставниот план за учениците во основното образование.

Со оваа програма се овозможува студентите да развијат вештини за подучување на ученици, а учениците истовремено имаат можност за бесплатно и интерактивно подучување согласно своите индивидуални потреби и потребите на наставната програма за наставниот час.

Како тутор/волонтер се смета редовен студент кој доброволно подучува ученици од основното образование по изготвена програма на одговорен наставник за соодветна паралелка.

Туторот/волонтер потребно е да ги исполнува критериумите за избор пропишани од член 3 од оваа Програма.

Туторот/волонтер може да се ангажира за период додека трае наставната година.

**Член 2**

Учесници во Програмата се:

Тутор/волонтер - редовен студент кој ги исполнува критериумите за избор на тутор/волонтер пропишани во оваа програмата и доброволно подучува ученици од основното образование;

Наставник- наставник во основно образование

Ученици – ученици запишани во основното образование и

Родители/старатели -на ученици во основното образование.

**Член 3**

За да учествува во Програмата, потребно е студентот да ги исполнува следниве критериуми:

- за учениците од прво, второ и трето одделение, потребно е туторот/волонтер да е редовен студент, запишан на педагошки факултет на студии за одделенска настава или на студии по педагогија
- за учениците од четврто до деветто одделение потребно е туторот/волонтер да е редовен студент запишан на факултет и
- да има препорака/и од професор/професори .

**Член 4**

Министерството за образование и наука објавува јавен повик за обезбедување на туторство на ученици во основно образование, кој трае за време на целата година.

Студентот се пријавува за тутор/волонтер на јавен повик за обезбедување на туторство на ученици во основно образование преку доставување на потребната документација од став 3 од овој член, лично или по пошта до Министерството за образование и наука.

Потребни документи за пријавување се:

1. потврда дека во моментот на аплицирањето е редовен студент, издадена од факултетот на кој студентот студира и
2. да има препорака/и од професор/професори .

**Член 5**

Комисијата за избор на тутори/волонтери ги врши следните работи:

1. ја проверува приложената документација на студентите кои се пријавиле на отворениот јавен повик за обезбедување на туторство;
2. врши интервју онлајн или со физичко присуство на студентите кои се пријавиле на отворениот јавен повик за обезбедување на туторство и
3. проценува дали пријавениот студент има потенцијал, знаење и комуникациски способности неопходни за подучување и туторство на ученици.

Комисијата за избор на тутори/волонтери се формира од страна на министерот за образование и наука и е составена од пет члена од кои претседател и три члена од редот на вработените во Министерството за образование и наука (сектор за основно образование и одделение за ученички стандард) и еден претставник од Бирото за развој на образованието, при што најмалку еден член на комисијата треба да биде со образовен профил психолог.

Студентите-тутори/волонтери кои ќе ги исполнат критериумите за учество во програмата ќе бидат повикани на интервју со Комисијата за избор на тутори/волонтери.

Комисијата за избор на тутори/волонтери е со мандат во времетраење од две години и истата ја свикува претседателот на комисијата по потреба.

**Член 6**

Студентот тутор/волонтер:

- одбира предмет/предмети по кои сака да подучува запишани ученици во основното образование;
- учествува во реализирање на наставни часови на учениците по изготвена програма на одговорен наставник на паралелка по предмет избран по сопствена волја под стручен надзор на наставникот;
- во договор со ученикот и неговиот родител/старател/наставник одлучува заеднички за термините на одржување на часовите за подучување;
- оддржува најмалку еден училишен час седмично;
- ги оддржува часовите за учениците во училиште и/ или часовите ги одржува онлајн во соработка со наставникот;
- професионално, совесно и чесно да ги оддржува часовите на ученикот/учениците за кои претходно се обврзал и
- дава поддршка на наставникот преку подучување на ученикот.

**Член 7**

Родителот /Старателот :

- дава согласност на тутор/волонтер определен од Министерството за образование и наука за предметот/предметите за кои неговото дете има потреба од дополнителни часови односно часови кои се дел од наставната програма;
- во договор со туторот/волонтер и наставникот одлучуваат заеднички за термините на одржување на часовите за подучување;
- обезбедува услови за онлајн одржување на часовите;
- врши надзор над ученикот и туторот во времето на спроведување на подучувањето од страна на туторот/волонтер

**Член 8**

Во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), кога се реализира настава преку далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација, туторите на учениците од основно образование, може да даваат техничка поддршка на наставникот кој реализира настава со физичко присуство на ученици како и на наставникот кој реализира настава преку далечинско учење, со примена на сревства за електронска комуникација преку подучување на ученикот.

Туторите/волонтери од став 1 на овој член, може да даваат поддршка и на родителите/старателите на учениците кои следат настава преку далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација.

.

**Член 9**

Со денот на влегувањето во сила на оваа програма, престанува да важи Програмата за обезбедување туторство на ученици во основното образование бр.20-4665/2 од 29.02.2016 година и бр.20-4665/4 од 23.09.2016 година.

**Член 10**

Оваа програма влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**МИНИСТЕРКА**
**ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА,**
**Мила Царовска с.р**

Бр. 12-11599/1
20.10. 2020 година
С к о п ј е